












# ОТЧЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

# 2013


ФОЛКЛОРЕН ФЕСТИВАЛ
Питијада Велес
Вековна традиција
на

Почитувани граѓани!

Довербата што ни ја дадовте, за мене како градоначалник, за мојот тим и за Советот на општината Велес, значи обврска и поттик за подобрување на условите во секојдневното живеење на нашата општина.

С што градиме и создаваме го правиме со цел Велес да биде по мерка на велешани. Да овозможиме во него да растат и да работат граѓани што својата иднина и иднината на своите деца ќе ја градат тука, во Велес, во Македонија.

Водејќи се од овие начела решително чекориме во остварувањето на една нова визија, визија за поубав Велес.

За краток период имајќи ја и поддршката од централната власт, успеавме да реализираме над 120 проекти од инфраструктурата, образованието, културата, социјалната заштита, комуналните дејности и сите области каде општината има надлежности. Тековните активности се осовременети, се извршуваат со поголема флексибилност кон граѓаните, се воведуваат во секој сегмент од работата на општината.

Она што го работиме се гледа и се слуша не само од медиумите, туку и од разговорите со граѓаните во урбаните и месните заедници, на улица и разни собири. Тоа само н охрабрува да го задржиме темпото на работа и да докажеме дека не се работи за еуфорија туку за остварување на дадениот збор, за чесен и одговорен пристап.

Довербата што ја добивме јас, мојот тим и Советот на општината нема да ја бранам со празни ветувања, туку со дела што ги правиме заедно.

Наша обврска е на нашите деца да им оставиме град со кој ќе се гордеат. Велес заслужува да го претвориме во град - лидер, во град – гордост.

Додека секој од нас максимално се вложува во заложбите да придонесе што повеќе за поубава иднина, додека секој од нас се буди со мислата дека денес е денот кога треба да сторам нешто добро за својот град, додека секој од нас легнува убеден дека Велес мирно ќе спие, нашата иднина ќе биде светла и просперитетна, а нашите наследници ќе се гордеат со нас.

Ви давам искрено ветување дека и понатаму ќе продолжиме со интензивна работа, со посветеност, со желбата да го оствариме ветеното и да донесеме подобар живот на сите.

Со почит,

Славчо Чадиев, градоначалник на Општина Велес



## Германската компанија „Marquardt GmbH” отвора фабрика во Велес



Во Владата на Република Македонија, од страна на Министерот за странски инвестиции Веле Самак, а во присуство на премиерот Никола Груевски, останати владини претставници и градоначалникот на Општина Велес, беше потпишан договорот со германската компанија „Маркард“, инвестиција вредна над 35 милион евра.

Компанијата која ќе биде сместена во новооформената индустриска зона „Караслари” ќе произведува електронски продукции со висока технологија како составни делови за врвни германски брендови на автомобили. Во неа ќе бидат вработени околу 600 лица.

Производствениот погон ќе започне да се гради во првиот квартал на 2014 и ќе биде со површина од 15.000 метри квадратни. Изградбата се очекува да биде завршена во првиот квартал на 2015, по што ќе се започне со производство на автомобилските производи.

Инаку, германската групација „Маркард“ која е основана во 1925 година, досега има отворено компании во 9 земји ширум светот и во нив работат повеќе од 7.000 лица.

## Оформена е индустриската зона „Караслари”





Општина Велес изминатиов период презема низа активности за оформување на новата индустриска зона „Караслари”. За таа цел се направија гелошки испитувања на земјиштето во индустриската зона Караслари како и пробни бушотини за пронаоѓање извори на вода. Се изгради нова трафостаница за потребите на водоснабдителниот систем која ќе биде во сопственост на Општина Велес. Зоната „Караслари” се простира на површина од 24 хектари. Парцелите веќе се продаваат за цена од едно евро за метар квадратен на јавно наддавање со 5% за комуналии.

## Презентација на индустриските зони „Караслари” и „Речани 2”






Се менуваат работите во Велес. Економијата вистински станува приоритет за општината. Барањата на бизнисмените стануваат обврска за локалната власт. Во тој правец градоначалникот Славчо Чадиев заедно со стручни лица од општинската администрација пред претставниците на бизнис секторот од градот ги презентираа парцелите од индустриските зони „Караслари” и „Речани 2”. Зоната „Караслари“ се простира на површина од 24 хектари додека „Речани 2” е со површина од 14 хектари. Претставниците на бизнис секторот од градот, ја поздравија средбата и презентацијата на индустриските зони. Тие сметаат дека ваквите напори на Општината Велес претставуваат силен исчекор во потврдата дека Велес е позитивно место за водење бизнис.

## Реконструкцијата на Гимназијата се врши со полн интензитет

При крај е предвидената реконструкција на „Гимназијата Кочо Рацин” и ССОУ „Димитрија Чуповски”. Со овој проект планирано е поставување на нова фасада која ќе биде енергетска ефикасна. Исто така при реконструкцијата ќе се замени и подната конструкција со современ висококвалитетен под. Неодамна беше заменета и надворешната столарија како и кровот на училиштето.



Целиот проект чини вкупно 22.000.000 денари. Средствата се обезбедени од Буџетот на Република Македонија и од Банката за развој при Советот на Европа.

## Технолошко-техничкиот факултетет од Велес доби нов објект

На првиот академски час свечено беа пуштени во употреба новите простории на Технолошко-техничкиот факултет со седиште во Велес. Стартот со работа на новиот објект го означија, министерот за образование и наука, Спиро Ристовски, ректорот на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, Златко Жоглев, деканот на Технолошко-техничкиот факултет во Велес, Валентина Павлова и градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев кои на студентите им посакаа успешно завршување на академскиот потфат.

Пред неколку години кога Општина Велес го доби во владение овој објект тој веднаш беше отстапен за потребите на високото образование во градот, а Министерството за образование и наука потоа го адаптираше просторот за изведување на настава. Денес овој репрезентативен објект содржи четири предавални, три лаборатории, еден компјутерски центар и канцеларии за администрацијата. Инаку, Технолошко-техничкиот факулет од Велес е во склоп на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола отворен пред 5 години со две студиски програми: нутриционизам и прехранбена технологија и биотехнологија. Денес, новата учебна студентска година во новиот објект ја започнаа 55 бруцоши на двата смера. Досега на Техничко–Технолошкиот факултет во Велес студираат 400 студенти. За пет години дипломирале 36 студенти, а веќе 30 од нив се запишале на постдипломски студии.






## Се реконструира основното училиште „Св. Кирил и Методиј”



Во ООУ „Св. Кирил и Методиј” започнаа градежните активности за реконструкција на училишната зграда. Со овој проект предвидено е поставување на нова кровна конструкција.

Исто така при реконструкцијата ќе се замени и подната површина со нова изработена од висококвалитетен материјал, а предвидено е да се замени и дел од фасадата на зградата како и дел од старите прозори кои не се променети.

Средствата за овие зафати ќе бидат обезбедени од Буџетот на Република Македонија и од Банката за развој при Советот на Европа. Истовремено, Општина Велес од свои извори ќе ја финансира реконструкцијата на топловодниот систем во училиштето.

Намерата на Општината Велес во иднина ќе биде токму во насока на инвестирање и подбрување на квалитетот на целокупниот воспитно-обрзовен процес.

## Реконструиран топловодниот систем на ССОУ „Димитрија Чуповски” и СОУ „Гимназија Кочо Рацин”

На денот на ослободувањето на градот, 9-ти Ноември, беше предадена во употреба реконструираната котларница на Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски” и Гимназијата „Кочо Рацин”. Реновираниот топловоден систем овозможи подобри услови за 1.600 ученици и за вработените во двете средни училишта.



## Реконструкција на топловодниот систем во ООУ „Блаже Конески“ и ООУ „Васил Главинов“

Во двете најголеми општински основни училишта „Блаже Конески“ и „Васил Главинов“ направен е ремонт на топловодните системи. Општината во сите училишни објекти организираше проверка и санирање на дефектите се со цел до крајот на грејната сезона да се обезбеди непречено одвивање на наставниот процес.



## Монтиран пешачкиот мост над битолската пруга



Од страна на стручните служби на фирмата изведувач ФЗЦ 11 Октомври а.д. од Куманово беше поставена металната конструкција на новиот пешачки мост кој ќе ги поврзува улиците „ Методија Андонов Ченто“ и „Тодор Христов Офицерчето“. Градоначалникот Славчо Чадиев и претседателот на Советот Александар Колев, кои од лице место го следеа текот на изведувањето на градежните работи, изразија задоволство од досегашниот начин и интензитет на работа. Овој мост по неговата изградба која се очекува да биде наскоро, значително ќе го намали потребното време за пристигнување на граѓаните до општината, институциите и до своите домови. Предвидено е просторот дополнително партерно да се уреди, да се озелени, да се постави нова урбана опрема како и рампа која ќе овозможи движење на лицата со инвалидност.

## Се реконструира делницата Велес-Кадрифаково

Заврши првата фаза од предвидената реконструкција на делницата Велес-Кадрифаково. Овие градежни зафати треба да ја подобрат патната инфраструктура која источна Македонија ја поврзува со метрополата. Се изврши комплетна замена на горниот дел од асфалтот до велешката депонија, а во наредниот период патниот правец ќе се рехабилитира и проширува низ населените места Лозово и Сарамзалино. Покрај новиот асфалт и сообраќајната сигнализација коловозот ќе биде проширен. Делницата ќе биде широка 11 метри и ќе има четири сообраќајни ленти. Со сите овие градежни работи на овој патен правец значително ќе се зголеми безбедноста на сообраќајот.



## Асфалтирани улиците „Х. Узунов“ (Сутјеска) и дел од „К. Мисириков “

Извршено е аслфатирање на 210 метри (1100 м2 површина) од улицата „Мирка Гинова“. Средствата за овој градежен зафат се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.



## Асфалтирана улицата на влезот во градскиот парк, пред ЈКП „Дервен“



Асфалтирана е улицата во градскиот парк, пред ЈКП „Дервен“. Вкупната покриена површина со асфалтна маса изнесува околу 550 м2. Средствата за овој градежен зафат се обезбедени од Буџетот на Општина Велес, а истите беа предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 година.

## Асфалтиран е патот до селото Ораовец

Завршија градежните активности за асфалтирање на патот кој води до с. Ораовец. Механизацијата на фирмата избрана за реконструкција на патот до ова велешко село, Изолација ДС од Скопје, заврши со асфалтирање на планираните 1.500 метри (5.686 м2) од делницата. Овој проект беше финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој, врз база на претходно одобрен проект на Општина Велес. Градежните работи за асфалтирање на патот до селото Ораовец, кое се наоѓа на надморска височина од околу 460 метри, траеја 30-тина дена. Општина Велес исто така превзема и активности за изградба на канал за наводнување во должина од 250 метри кој ќе ја собира изворската вода што минува низ селото. На овој начин се отвора можноста за развој на планинскиот и етно туризам. Климата и географската местоположба, богатството на растителен и животински свет, но и добрата инфраструктура се одлична основа за развој на овој вид алтернативен туризам кој е доста значаен за нашата општина и држава воопшто. Инаку селото Оравец има и славно револуционерно минато. Во него се наоѓаат и вечните почивалишта на двајцата велешки илинденци, гемиџијата Милан Арсов и војводата Јован Наумов-Алабакот.



## Асфалтирана е улицата „Мирка Гинова“

Извршено е аслфатирање на 210 метри (1100 м2 површина) од улицата Мирка Гинова. Средствата за овој градежен зафат се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.



## Крпење на ударни дупки по градските сообраќајници

Општина Велес спроведе акција за крпење на ударните дупки на градските сообраќајници како подготовка за претстојната зима. Закрпени со асфалтна маса беа сите улици кои се од витална важност за нормално одвивање на сообраќајот, а исто така беа санирани и поголемите оштетувања на улиците. Средствата за градежните работи се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.



## Асфалтиран тротоаротот до Општата болница

Завршено е асфалтирањето на тротоарот од улицата „Самоборска“ која води до Општата болница. Потребата на овој градежен зафат, ја наложи големата фрекфентност на минувачи во овој дел на градот како и дотраеноста на стариот тротоар. Вкупната асфалтирана површина изнесува 330 м2.



## Пролетно крпење на ударни дупки на градските сообраќајници





## Реконструиран патниот премин преку Стар мост

Со реконструкцијата се изврши поплочување со бекатонски елементи на околу 200 м2 од преминот, а се заменија и ивичниците на тротоарите. Железничката линија е уредена и нивелирана од страна на Македонски железници. Овој градежен зафат на патниот правец е предвиден во Програмата за уредување на градежно земјиште и изнесува околу 250.000 денари, а го спроведе фирмата „Урбан Инвест“. Со овој проект се реши и проблемот со атмосферските води кој се појавуваше на преминот при поројни дождови.



## Уредени се улиците „Јордан Јорданов“ и „Трајче Петкановски“ во населбата Превалец



Уредени се со бетонирање две улици во населбата Превалец. Улицата „Трајче Петкановски“ во должина од 240 метри и улицата „Јордан Јорданов“ во должина од 140 метри. Средствата за овој градежен зафат се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

## Бетонирана е улицата „Наце Димов“ во населбата Керамидна

Извршено е уредување со бетонирање на 700 м2 површина од улицата „Наце Димов“ која е во должина од 175 метри. Вкупната вредност на овој зафат изнесува 330.000 илјади денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Велес.



## Бетонирање на дел од улица „Александар Несторов“ во должина од околу 200 метри



## Бетониран дел од улицата „Вера Циривири“



Извршено е бетонирање на 790 м2 површина, дел од улицата „Вера Циривири“ која е во должина од околу 180 метри. Вкупната вредност на овој зафат изнесува 420.000 илјади денари, средства обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

## Бетонирање на крак од улица „11-ти Октомври“

Бетониран е кракот од улицата „11-ти Октомври“ во близнина на споменикот на Алексо Демниевски Бауман. На овој дел од улицата кој преставува спој со улицата „Никола Карев“, живеат голем број жители кои подолго време се соочуваа со проблем при пообилни врнежи од дожд. Со овој градежен зафат трајно им се излегува во пресрет на нивните потреби и се подобруваат условите за живот во овој дел од градот.



## Бетониран спој на ул. „Љубљанска“ со ул. „Рилски Конгрес“ („Игманска“)



Завршено е бетонирањето на спојот на улица Љубљанска со улица Рилски Конгрес (Игманска) која се наоѓа во Урбаната заедница „9-ти Ноември“. Со реконструкцијата на улицата беа опфатени вкупно 403 м2 површина во должина од 82 метри. Средствата за овој градежен зафат во висина од 182.152,00 денари се обезбедени од Буџетот на Општина Велес, а истите беа предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 година.

## Бетонирана е улицата „Киро Чауле“ во населбата Керамидна

Завршија градежните активности за уредување на улицата „Киро Чауле“ во населбата „Керамидна". Целата предвидена траса од 150 метри беше пробиена, тампонирана, а потоа беше извршено и бетонирање на улицата. Инаку за оваа цел вкупно 16 корисници на земјиште кои живеат на улица „Киро Чауле“ во населбата „Керамидна” во присуство на нотар неодамна дадоа изјави дека се согласуваат да отстапат дел од нивните земјишта за уредување на улицата. За остапувањето на делот од нивните површини тие не бараат никаков надоместок.





## Бетонирана е улицата „Цветан Арсов“

Завршено е бетонирањето на улицата „Цветан Арсов“ која се наоѓа во Урбаната заедница „Трајко Капчев”. Со реконструкцијата на улицата беа опфатени вкупно 680 м2 површина во должина од околу 200 метри. Средствата за овој градежен зафат се обезбедени од Буџетот на Општина Велес, а истите беа предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште за 2013 година.

## Реконструкција на водоводната мрежа на улица „Лазо Трпков“

Овој период се реализира најавената реконструкција на водоводната мрежа на улицата „Лазо Трпков“. Најпрво ќе биде заменета старата водоводна линија, со нова изработена од висококвалитетен ПВЦ материјал. По завршувањето со реконструкција, ќе се премине и на бетонирање на улицата, со што ќе се реши долгогодишниот проблем и ќе се излезе во пресрет на потребите и барањата на жителите од овој дел на градот.



## Бетонирање на подлога за спортско игралиште во с. Горно Оризари



## Реконструиран и уреден е плоштадот „Којник“



Со поставувањето на урбаната опрема на плоштадот „Којник“ заврши и целиот проект за реконструкција и уредување на местото кое е едно од знаменитостите на Велес. За таа цел беше извршено поплочување со бехатонски елементи на целокупната површина. Поставена е и нова урбана опрема, чешма, клупи, жардиниери, цветен аранжман, канделабри за осветлување. Средствата во висина од 2.000.000 денари се предвидени во Програмата за уредување на градежно земјиште, а истите се обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

## Партерно е уреден дворот на црквата „Св. Козма и Дамјан“ во кругот на болницата

Изминатиов период во дворот на црквата „Св. Козма и Дамјан” која се наоѓа во кругот на Општата Болница беа преземени градежни работи за партерно уредување на истиот. По завршувањето на бетонските работи за изградба на патеки и тротоари на просторот се премина и кон хортикултурно уредување на дворната површина.



2013

### Поплочена е улицата во Градскиот парк

Извршено е поплочување на улицата во Градскиот парк со бехатонски елементи во должина од 600 метри и ширина од 4 метри. Целокупната опфатена површина изнесува 2.400 м2. По поплочувањето се пристапи кон асфалтирање на делот пред управната зграда на ЈКП „Дервен“ до спојот со улица „Вардарска“. За таа цел со асфалтна површина беа покриени 500 м2. Со ова Градскиот парк добива нов лик. Исто така ќе се олесни и движењето во паркот како и пристапот кон спортската сала. Со завршувањето на градежните работи во овој дел се зголеми и безбедноста како за возилата кои сообраќаат во овој дел така и за пешаците кои рекреираат.



### Поплочување на улица „Љубен Весов“



Изминатиов период се изврши поплочување на дел од улицата „Љубен Весов“ (од спој со улица „Кочо Рацин“ до платформа на поранешна фабрика „Вила Зора“). Вкупната поплочена површина од улицата изнесува 887.68 м2, а средствата за овој градежен зафат беа обезбедени од Буџетот на Општина Велес.

### Поплочување на дел од улица „Оливер Китановски“

Изминатиов период се изврши поплочување на дел од улица „Оливер Китановски“ („Прва Комуна“) до спој со улица „Благој Ѓорев“ во должина од околу 200 метри. Оваа улица за прв пат по нејзината изградба беше комплетно уредена, што е навистина значајно за големиот број на граѓани кои живеат на овој простор од градот.



### Поплочување на дел од ул. „Саревска“ и ул. „Костадин Бодин“

Извршено е поплочување на дел од улицата „Сараевска“ и дел од улицата „Костадин Бодин“ во должина од околу 200 метри. Со овој градежен зафат трајно им се излегува во пресрет на потребите на жителите од овие улици, а ќе се подобрат и условите за живеење во овој дел од градот.



**Поплочување на паркинг простор до Стариот мост со вкупна површина од 770 м2**



**Поплочување на пешачка патека на кејот на река Вардар**



**Поплочување на плоштадка на спој на улица „Петре Алчев“ и „Васил Ѓоргов “**



**Поплочување на скали на улицата „Димитар Влахов“**



Се изврши поплочување со бетонски елементи на скали кои се наоѓаат на улицата „Димитар Влахов“. Со реализацијата на овој градежен зафат им се излегува во пресрет на потребите на граѓаните кои секојдневно се движат во овој дел на градот.

2013

### Изградба на потпорен ѕид на улица „Питу Гули“



**Во соработка со урбаните и месните заедници и граѓаните се изградија 20-тина помали потпорни ѕидови во разни делови од градот**



### Спортско игралиште во близина на општинската зграда



Со поставувањето на заштитна ограда и нова урбана опрема заврши изградба на спортското игралиште на улицата „Методија Андонов – Ченто“ во близина на зградата на Општина Велес. Целокупниот простор кој опфаќа повеќе од 400 м2 ќе претставува пријатно место одмор и рекреација на граѓаните од оваа населба кои овде ќе можат да го поминуваат своето слободно време.

## *Инфраструктурни зафати*

Ново спортско игралиште во близина на Автобуската станица



Во близина на Автобуската станица од левата страна на градот изградено е ново спортско игралиште за фудбал и баскет, проект за кој Општина Велес издвои 1.4 милиони денари. Она што следи е доуредување на непосредната околина со зеленило и урбана опрема и уредување на паркинг просторот. Во непосредна близина се сместени Технолошко-техничкиот факултет и другите факултети што имаат дисперзирани студии во Велес. Тоа значи фрекфенција на млади луѓе на кои исто така овој спортски објект им е на располагање. Општина Велес ќе продолжи и понатаму секаде каде што тоа просторот го дозволува да создава услови за спортување и рекреирање кои се повеќе од потребни за младите, за здрав развој, игра и дружење.

## Општина Велес доби во сопственост неколку капитални објекти



Со одлука на Владата на Република Македонија, Општина Велес на трајно користење доби неколку капитални објекти кои станаа сопственост на локалната самоуправа.

Во иднина Општина Велес ќе стопанистува со Градскиот стадион, поранешниот Офицерски дом и административните простории на поранешните резервни воени офицери.

## Се реконструира Градскиот стадион



Булдожерите и механизација интензивно работат на Градскиот стадион. Објектот личи на градилиште. Комплетно ќе биде заменета тревата, со нова вештачка, која е донација од Фудбалската федерација на Македонија и чини 200.000 евра. Велес ќе добие современ и модерен стадион кој ќе биде подготвен за одржување на фудбалски натпревари како од локален така и од меѓународен карактер.

## Се реконструира поранешниот Офицерскиот дом






Започната е реконструкцијата на поранешниот Офицерски дом во Велес. За потребите на општината, објектот ќе биде пренаменет во Градска куќа каде ќе се одвиваат повеќе активности од доменот на локалната самоуправа, а останатиот простор ќе прерасне во парк и зелена површина.

Потребните средства Општина Велес ќе ги обезбеди од сопствениот буџет. За хортикултурното уредување околу објектот задолжени се екипите на „Паркови и зеленило” од „ЈКП Дервен“. Тие ќе го осмислат целиот зелен појас кој ќе ги поврзува Гимназијата „Кочо Рацин“, новата црква „Свети Кирил и Методиј“, Младинскиот парк и зградата на Народниот театар „ЈХК Цинот“, со што целокупниот простор ќе добие еден нов лик.

## Се санира кровот и внатрешноста на пазарот во Нова населба



Во тек се градежните активности за санација на кровната конструкција и внатрешните ѕидови од Градскиот пазар во Нова населба, обврски кои произлегуваат од претходно склучениот договор на ЈКП „Дервен" со КАМ маркет. Санацијата на покривот и внатрешното уредување на пазарот ќе придонесе за подобрување на условите за работа на продавачите на тезги, а благодет ќе имаат и граѓаните затоа што ќе имаат можност да пазарат во современ продажен простор. Зголемувањето на фрекфенцијата на купувачи ќе овозможи заживување на пазарот во овој дел на градот.

## Се санира кровот на Спомен-костурницата



Започна првата фаза од санацијата на Спомен-костурницата во Велес. Поправката се однесува на кровната конструкција, со што ќе се спречи оштетување на мозаикот на Петар Мазев кој се наоѓа во внатрешноста на објектот, а е најголем во земјава.

## Уредување на инфраструктура во индустриската зона УЗУС



За потребите на индустриската зона УЗУС и доизградување на инфраструктурата во неа, изминатиов период беа преземени низа активносит. За таа цел беше извршено тампонирање на улици во зоната, како и изградба на водоводна и канализациона мрежа во должина од околу 900 метри.

## Се изгради атмосферски канал кај новиот театар



Во изминатиов период се изгради и атмосферски канал на потегот од новиот театар до спој со постоечки атмосферски канал во должина од 67 метри.

*Санација, изградба и уредување*

## Топилницата во Велес повеќе не постои во планската документација

Топилницата во Велес повеќе не постои во планската документација на Општина Велес. Со измената на Генералниот урбанистички план која едногласно беше усвоена од страна на членовите на Советот, фабриката се брише од сегашната локација. Претходно промената на Генералниот план на градот ја одобри и Министерството за транспорт и врски.

Процедурата за промената на ГУП Советот на Општина Велес ја започна во 2008-та година за по пет години правна битка и докажување пред надлежните државни институции да се прифати новиот план на градот, со кој не е предвидено загадувачка индустрија во неговата околина.

На ова место според новиот план, наместо фабрика е предвиден зелен појас. Површината од 45 хектари ќе се зазелени со трева и грмушести растенија. Тоа ќе овозможи целосна ревитализација на локацијата која е контаминирана со тешки метали олово, цинк, арсен, кадмиум и бакар, поради 30 годишното загадување на воздухот, водите и почвата на Велес.

Пренамената од тешка индустрија и лесна индустрија, складишта, магацини во заштитно зеленило ќе придонесе кон ублажување на последиците од историското загадување на животната средина и намалување на ефекти врз почвата и подземните води, спречување на разнесувањето на загадувачките материи во пошироката околина на градот Велес.

Велешани ја добија деценисктата битка за здрава животна средина, но остануваат посветени се до трајното решение на проблемот. Во наредниот период потребно е чистење на почвата од тешките метали олово и кадмиум кои Топилницата ги остави како наследство за три деценискoто работење, како и големиот рид со згура и јаловина, остаток од работата на некогашниот индустриски гигант.

*СТОП за топилницата*



## Реконструкција на сливна решетка од атмоферската канализација на ул. „Васил Ѓорѓов“



## Пречистителна станица за отпадни води и колектор за прибирање на фекални води во с. Горно Оризари



Во село Горно Оризари е пуштена во употреба пречистителна станица за отпадни води - Зона 3 и колектор за прибирање на фекални води.

## Атмосферска канализација кај сателитската населба на Езеро Младост



На Езерото Младост кај сателитската населба се изврши поставувањето на нова атмосферска канализација. Истата е во должина од 80 метри, за чии потреби се искористија бетонски цевки Ф-80.

## Реализација на проектот за водоснабдување на Езеро Младост



Привршува изградбата на цевководот од градскиот водовод до крајбрежниот појас на Езерото Младост. Со изградбата на овој цевковод со квалитетна вода за пиење од хидросистемот „Лисиче“ ќе се снабдуваат и објектите околу крајбрежниот појас на езерото, како и Башино Село, населбата Речани и селото Отовица.

## Реконструкција на дел од патот кон с. Иванковци



Изминатиов период се изврши реконструкција и асфалтирање на дел од локалниот пат кон селата Иванковци и Мамутчево. Сегашниот пат е изграден во далечната 1978 година, оштетен е на повеќе места поради што Иванковци и уште неколку други села се речиси отсечени од Велес. Покрај Иванковци, каде живеат 1.200 жители, со изградбата на овој локален пат ќе се поврзат и селата Мамутчево, Џидимирци и Крушје.

Изминатиов период беа завршени околу 1.550 метри должина од овој локален пат. Целукпната должина на овој локален пат изнесува 10 километри. На делницата претходно е извршено крпење на дупките и создавање на алтернативен пат за да може нормално да се одвива сообраќајот додека трае предвидената реконструкција.

Во наредниот период ќе се премине кон реализирање на втората фаза за реконструкција на патот кон селото Иванковци. За целиот овој проект одобрени се околу 560.000 евра, пари кои Владата на Република Македонија ги зема како заем од Светската банка за реконструкција и рехабилитација на патишта.

**Изграден е потпорен ѕид во с. Иванковци**



Во с. Иванковци се изгради потпорен ѕид во должина од 36 метри и висина од 2.8 метри, со што се спречи свлекување на земјиштето и се овозможи безбедно движење по патот кој беше оштетен.

**Реконструкција на школските тоалети во с. Сливник**



**Уреден е нов парк пред зградата на Општина Велес**



## 11 милиони денари за проекти за рурален развој во Општина Велес

Општина Велес доби три проекти од вкупно 134 кои Владата ги доделува на 74 општини како дел од Програмата за рурален развој. Проектите се:

1. Изградба на улица во село Иванковци - 4.992.790,30 денари. Проект за изградба на улица во центарот на селото, во должина од 720 м, со канал за прифаќање на атмосферските води.

2. Фекална канализација во населено место Раштани - 4.974.606.00 денари. Основен проект за 1 дел од фекална канализација со анаеробна пречистителна станица за населено место Раштани..

3. Урбана опрема и осветлување на изградените патеки на езерото Младост – 1.222.108.95 денари. Поставување на урбана опрема и осветлување на изградените патеки на езерото Младост.

Вкупната вредност на овие проекти изнесува преку 11.000.000 денари.

Неодамна на истиот овој начин беше изграден и патот до с. Ораовец, проект во висина од 9.000.000 денари. Оваа мерка на Владата на Република Македонија ја покажува намерата за подобрување на квалитетот на живот во руралните средини, обнова и развој на селата и зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја. На овој начин директно се помагаат нашите заложби за создавање услови за рамномерен локален економски развој и развој на туризмот во Општина Велес.

*Поддршка на руралниот развој*

## Свечено пуштен во употреба Паркот на пријателството



Паркот на пријателството, кој треба да ги симболизира нераскинливите врски помеѓу македонскиот и турскиот народ и добрата соработка помеѓу Велес и Каршијака, свечено беше пуштен во употреба. Новоизградениот парк е донација на збратимената општина Каршијака од Република Турција, каде што живеат повеќе од 30.000 граѓани кои потекнуваат од овие краишта. На церемонијата градоначалникот Славчо Чадиев и градоначалникот на Каршијака Џевад Дурак, истакнаа дека соработката на двете општини и двата народи продолжува во иднина на планот на културата, спортот и економијата, за што веќе се имаат создадено и соодветни предуслови.

## Сезонско уредување на зелените површини пред Општина Велес



## Велес во цветно руво







## Парапетни ѕидови во Комплекс УЗУС (Оивичување на зелени површини)



### Поставени ракофати во високите зони на градот



### Поставување на нова урбана опрема



На повеќе локации во градот беше извршено поставување на нова урбана опрема. Се монтираа нови клупи на улиците „Јордан Јорданов“ во населбата Превалец и на улицата „Благој Ѓорев“. Во Младинскиот парк извршено е сервисирање и реконструкција на постојните клупи а исто така поставени беа и нови корпи за отпадоци.

### Поставени канти за измет од миленици



ЈКП „Дервен“ постави канти за измет од миленици и информативни табли за опасност од расфрлање на отровни материи во урбани средини на повеќе локации во градот, поточно во Градскиот парк, Младински парк, паркот кај зградата на Општина Велес, долж улицата „Благој Ѓорев“ и во паркот кај Автобуската станица. Кантите за отпадоци од миленици се обезбедени од страна на Центарот за институционален развој ЦИР-а и Здружението за заштита на животни „АНИМА МУНДИ“ а со донација од Швајцарската агенција за развој и соработка. Тие во согласност со Меморандумот за соработка потпишан со Локалната самоуправа на Општина Велес. На овој начин ќе се придонесе за одговорна грижа кон животните, животната средина, како и конечно сериозно согледување на опасностите од расфрлање отрови – за трујења повеќе да нема.

### Преку енергетска ефикасност до намалена емисија на $CO^2$



Се заменија светилките со штедливи во повеќе средни и основни општински училишта: Гимназијата „Кочо Рацин“ , Средното стручно општинско училиште „Димитрија Чуповски“ како и во основните училишта „Јордан Хаџи Константинов Џинот“, „Благој Кирков“, „Васил Главинов“ и „Св. Кирил и Методиј“.

## Означување и нумерирање на градските улици

Општина Велес реализираше проект за означување на имињата на улиците како и нивно нумерирање со соодветни броеви. Градоначалникот Славчо Чадиев ја постави првата табла на улицата 8-ми Септември како и на таблата на плоштадот С'рмаале. Оваа обврска произлегува од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти. Според овој закон: „поставувањето и одржувањето на таблата со име на улица, плоштад, мост и на друг инфраструктурен објект го врши општината”. Исто така според законот: „трошоците за набавка и поставување на табличките со броеви се на товар на сопствениците, односно на корисниците на објектот”. Но Општина Велес овој пат донее одлука граѓаните да не бидат изложени на овој трошок, туку тоа да го покрие општината.




На овој начин се излегува во пресрет на сите граѓани на Велес. Единствена обврска која ја имаат граѓаните е само да ги постават табличките со броеви на соодветно место од своите објекти. Таблите за означување и нумерирање на улиците се изработени од фирмата „Раде Кончар”.

## Реконструкција на уличното осветлување во градот

Завршено е со поставување на 21 метален столб во висина од 9 метри висина на потекот од Пошта до Градскиот саат. Вкупната вредност на овој проект кој предвидува поставување на нови штедливи натриумски светилки изнесува 800.000 денари. Исто така со најновиот потпишан договор кој започна да се реализира предвидено е реконстурккција на уличното осветлување на улиците, паркинзите и другите јавни простори во градот, употреба на енергетски ефикасни светилки, зголемување на работните часови на светилките во како и заштеди во потрошената енергија.





## Се интензивира процесот на легализација на дивоградбите



Доделувањето решенија за веќе легализираните дивоградби во Општина Велес продолжува да се реализира со несмален интензитет. Повеќе од 1200 граѓани се стекнаа со правото за законско користење на личниот имот кој и покрај тоа што со децении го уживале, сепак, не биле и негови вистински сопственици. Велешани досега покажаа голем интерес за оваа владина социјална мерка за докажување на сопственоста за нивните дивоизградени објекти со која на брз и едноставен начин за само 1 евро од м² им се овозможи на граѓаните да си обезбедат трајна сопственост над имотот.

## Новогодишно украсување на Општина Велес

Со цел да се создаде пријатна празнична атмосфера, во пресрет на новогодишните празници, Општина Велес изминатиов период презема активности за што поголемо украсување на јавните површини.

Овогодинешното руво на градот претставува вистинско задоволство за граѓаните. Богатата декорација со украси и светлечки реквизити ја донесоа новогодишно-божиќната атмосфера во вистинско светло.



## Велес е една од 8-те најдобри општини во ЈИЕ за водење на бизнис



Општина Велес е една од четирите општини кои беа дел од проектот Бизнис пријателска сертификација, Меѓународен печат за квалитет за Бизнис пријателски заедници. По сите завршени процеси на следење, евалуација и верификација, Општина Велес со 82,4 поени го зазема првото место при сертификацијата, пред Општина Струмица. За Општина Велес е од огромно значење тоа дека се добиени најголем број на поени во целиот процес на добивање на сертификатот за Бизнис пријателска општина. Тоа е доказ за цврстата определбата на Општина Велес со засилен интензитет да ја развива локалната економија. Ова претставува и одраз сериозноста и професионалноста во градењето на подобра иднина. Овој проект на Општина Велес ќе и овозможи во иднина да привлече повеќе домашни и странски инвеститори, пред се преку модернизирање на своите услуги. Проектот е и во насока на обезбедување на поддршка на локалниот економски развој, јакнење на капацитетите на Општината и вклученоста на бизнис секторот. Во периодот што следи, добивањето на овој сертификат е многу важно и од аспект на тоа што општината пред странските инвеститори и пред меѓународната заедница ќе даде гаранција дека се работи за стабилна општина, општина што е европски ориентирана и подготвена да прифати обврски што ќе гарантираат сигурност за странскиот инвеститор.

## Општина Велес е најдобар организатор на волонтерска работа



На Меѓународниот ден на волонтерите Општина Велес ја доби Националната награда за најдобар организатор на волонтерска работа во Македонија. Наградата ја додели Министерството за труд и социјална политика кој распиша конкурс за Национални волонтерски награди. Апликацијата на Општина Велес е најдобро оценета, што значи дека општината е оценета за најдобра на планот на организирањето на волонтерското ангажирање.

Инаку, во Општина Велес, според Законот за волонтерството, ангажирани се 12 волонтери. Тоа се млади луѓе со завршено високо образование од разни струки. Тие се ангажирани во сите одделенија и дејности и им се дадени работни задачи во согласност со нивните струки, знаења и вештини.



## Општина Велес со сертификат за безбедност на информации ИСО 27001



На Општина Велес од страна на сертификационото тело „ДАС” свечено и беше доделен меѓународниот сертификат за управување со безбедност на информации ISO 27001. Сертификационото тело „ДАС“ е едно од водечките светски сертификациони тела. Седиштето на „ДАС“ е во Обединетото Кралство, а има свои претставништва во САД, Австралија, Бразил, Сингапур, Русија, Јапонија, Кореја, Полска, Бугарија, Србија, БиХ, како и во други земји ширум светот.

Општина Велес е првата општина во Република Македонија, но и првата општина во пошироки регионални размери која го поседува овој сертификат. Овој успех е потврда на заложбите на Велес, да биде општина лидер во примената на информатичката технологија и достигнувањето на највисоките меѓународни стандарди во обезбедувањето на услуги за граѓаните. Придобивките за граѓаните се гледаат во можноста за: целосен интегритет на личните податоци, што значи дека истите не може да се менуваат без тоа да биде евидентирано; достапност на информациите тогаш кога е тоа потребно; автентичност, односно континуирано потврдување на веродостојноста на податоците, трансакциите, комуникациите и документите. А сето ова е потребно од една едноставна причина – обезбедување на брзи, квалитетни и секогаш достапни информации.

*Награди и признанија*

## Брајов печатар за Здружението на слепи од Велес



Здружението на слепи лица во Велес доби брајов печатар. Општина Велес ја финансираше неговата набавка.. Со него ќе се печатат книги со писмо наменето за слепите лица во градот. Во велешката библиотека постои посебно катче со книги отпечатени со брајово писмо што го носи името на нашиот сограѓанин Ратко Пајдаков, човекот што ја воведе брајовата азбука во здружението во Велес и ги обезбеди првите 10 книги со браево писмо за неговите членови. Здружението на слепи лица изрази големо задоволство што Општина Велес е првата општина во Република Македонија што набавила брајов печатар. Тие упатија и голема благодарност за поддршката што ја добиваат како од Градоначалникот, така и од Советот на Општина Велес.

## Општина Велес со грижа за старите лица во домашни услови



## Започна да функционира проектот „Патролен социјален работник"



Проектот „Патролен социјален работник" составен е од волонтер – социјален работник на Општина Велес, волонтер – дефектолог од Меѓуопштинскиот центар за социјална работа и волонтер од Црвениот крст. Службата работи под директно менторство на Одделението за јавни дејности во Општината и Центарот за социјална работа. Задача на оваа служба е во директна комуникација со месните и урбаните заедници навремено да ги детектираат сите девијантни појави во средината – семејно насилство, проституција, питачење, алкохолизам, наркоманија и сл. но да се откриваат и социјални случаи, сами и беспомошни стари лица и тн. Канцеларијата на патролниот социјален работник е отворена секој работен ден од 9:00 – 17:00 часот за да може покрај на терен да работи и во канцеларија со странки што сакаат да пријават случај. Општина Велес во овој простор реализира и уште еден многу значаен проект – тоа е СОС линијата. СОС линијата и проектот за Патролен социјален работник се преплетуваат меѓу себе во: навремено детектирање на девијалнтни појави, контакт на жртвите со надлежните институции, советодавна улога и тн.

На првиот ден од Неделата за грижа на стари лица стартуваше проектот на Општина Велес за грижа на стари лица во домашни услови. Проектот на општината за разлика од оној што го реализираше Австрискиот црвен крст е проширен и дополнет со друг вид услуги.

Кај првиот корисник на овие услуги во посета беше и градоначалникот Славчо Чадиев кој изрази огромно задоволство што овој проект ќе се спроведува и понатаму. Покрај стандардните услуги што и понатаму ќе ги даваат медицински сестри: мерење притисок и шеќер на старите лица, контактите со матичните лекари и контрола на примањето на утврдената терапија, ангажирани се и геронто-домакинки што на старите лица ќе им помагаат во извршување на основните домашни работи. Општина Велес и во иднина ќе посветува значително внимание на полето на социјалната заштита, нудејќи проекти и услуги со кои ќе се подобруваат условите за живеење на сите категории на граѓани.

## Помош за Црвениот крст по повод Денот за борба против гладот



Општина Велес во досегашниот период има интензивна соработката со граѓанските организации и институциите од областа на социјалната заштита. Особено е изразена соработката со Општинската организација на Црвениот крст од Велес и Центарот за социјална работа. Токму оваа соработка придонесе помошта што Општина Велес ја дава на граѓаните кои за тоа имаат потреба да биде упатена на вистинското место.

На денот кога светот го одбележуваше Меѓународниот ден за борба против гладот градоначалникот Славчо Чадиев на претседателот на Црвениот крст на Македонија и претседател на ОО на Црвен крст Велес, д-р Милчо Трајков симболично му го додели решението со кое на 10 семејства ќе им се помогне со по 2.000 денари.

## Помош од општината за децата без родители и без родителска грижа



И оваа година, согласно Програмата на Општина Велес за социјална работа, се доделува помош од општината на децата без родители и без родителска грижа на почетокот на учебната година. До сега помошта се состоеше во училишен прибор. Оваа година за прв пат тоа е помош на старателите и згрижувачките семејства во парични средства. Износот е 2.000 денара по дете за да може да му се обнови гардеробата за на училиште или да му се купи она што му е најпотребно. Корисниците ги определува Меѓуопштинскиот центар за социјална работа. Годинава бројката на деца е 21 кои се на школска возраст од основно и средно образование. Инаку Локалната самоуправа од Велес е една од ретките во државата која со години ги помага децата без родители.

*Социјална заштита*

## Помош за семејствата што во пожар го изгубија домот



На 4-ти декември изгоре семејната куќа на Калинови. Со брза интервенција на ТППЕ во тешко пристапните улици во месноста Дворови, пожарот беше изгаснат, но штетата за семејствата е ненадоместивa. Општината Велес веднаш им додели еднократна помош во висина од 120.000 денари и тоа 90.000 со Решение од Советот на Општина Велес, а 30.000 од Градоначалникот.

## Нова донација на 3500 книги од Владата за велешката библиотека




Велешката библиотека доби како донација нови 3500 книги стручна литература од страна на министерството за образование односно Владата на Р.М. Донацијата е добиена во два наврати и тоа во август од околу 2500 книги и во септември од околу 1050 книги.  Како институција, Локалната библиотека „Гоце Делчев“ е насочена кон унапредување и поттикнување на современото образование. Во таа насока сите ученици, студенти, постдипломци и докторанти, имаат можност да ги користат овие наслови во своето образование со цел издигнување на степенот на своите познавања на едно ново, светско рамниште и со тоа секако, како професионалци и интелектуалци да станат поконкурентни на пазарот на трудот.

## Нова слободна интернет зона во градскиот парк и спортските терени



Велес
2013

Општина Велес заокружи уште еден значаен проект од областа на информатичката технологија за 2013 година. Зоната која ги опфаќа градскиот парк и спортските терени е опремена и подготвена на сите љубители на комуникациски технологии, да им овозможи пријатни интернет часови на отворено. Ваквиот чекор е уште еден дел во напорите за заживување на Градскиот парк и враќање на младите луѓе во него. Целта една и единствена, паркот да прерасне во пријатно место за одмор, рекреација и спортување на сите граѓани на Велес.

Во следните години се планира со безжичен интернет да биде покриено целото градско подрачје и поголемите населени места во општината.

## Општина Велес стипендира вкупно 16 талентирани ученици и студенти за учебната 2013/2014 година

Врз основа на Деловникот и Правилникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти а согласно со Статутот на Општина Велес, Советот на 13-тата седница донесе: Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои ќе добијат стипендија за учебната 2013/2014 година. По доставениот извештај и предлозите врз основа на спореведениот конкурс од страна на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти, избрани се 8 ученици и 8 студенти кои ќе бидат стипендијанти на Општина Велес за оваа учебна година.



## Словенечкиот амбасадор во работна посета на Општина Велес



## Чешкиот амбасадор Мирослав Рамеш во посета на Општина Велес



## Општина Велес учесник на интернационалниот саем НЕКСПО 2013




## Првиот секретар на Романската амбасада во посета на Општина Велес



## *Меѓународна соработка*

**Во посета на збратимениот град Свиштов од Република Бугарија**



**Градоначалникот Чадиев во посета на Република Турција**



**Работна средба со градоначалниците на општините Адалар и Динар**



**Работен состанок во Република Франција**



**Градоначалникот Чадиев во посета на Слобозија, Р. Романија**



**Делагација на збратимениот град Каршијака од Турција предводена од градоначалникот Џевад Дурак во посета на Општина Велес**



## *Меѓународна соработка*

## Делагација од збратимениот град Слобозија во посета на Велес





## 50-ти Рацинови средби. Велес се поклони пред великанот



## По 46-ти пат одржани Детските Рацинови средби

## 50-ти Рацинови средби. Велес се поклони пред великанот




Во Велес од 11 до 13 јуни се одржаа јубилејните 50 Рацинови средби, кои годинава се совпаднаа со 105 години од раѓањето и 70 години од трагичната смрт на македонскиот поет. Покрај поети и писатели од Македонија и од балканските земји на средбите учествуваа и сите живи добитници на Рациновото признание и на Почесното Рациново признание. Јубилејните 50 Рацинови средби во салата „Бели Мугри“ ги отвори градоначалникот на Велес, Славчо Чадиев. По беседата за големиот Рацин, се одржа меѓународниот поетски митинг на кој со свои песни настапија поети од Србија, Хрватска, Бугарија, Романија, Албанија и Македонија. По завршувањето на поетскиот митинг во улицата каде што се наоѓа родната куќа на Кочо Рацин, беше промовирано це-де „Балада за човекот болка" со најубавата љубовна поезија на Рацин, од авторот Александар Кукулев. Од тој момент оваа улица се нарекува „Сокак на поезијата". Во чест на јубилејните Рацинови средби познатиот македонски бенд „Леб и сол“ одржа и концерт.



## Успешна реализација на 10-тиот по ред Фестивал на пити и вино




10 годишниот јубилеј на реализирање на оваа културна и гастрономска презентација на градот конечно ја постигна целта за која е организирана. Да го претстави Велес во сите сегменти: бизнис заедницата, традиционалниот производ, презентација на винскиот пат од Вардарскиот регион, и дефинитивно претставување на Велес како урбана средина што води грижа за својот идентитет историја и традиција.

Велешката питијада ги собори сите рекорди: се направи најголемата пита пастрмајлија, угостителите продадоа 35.000 пити пастрмајлии, а винариите продадоа 17 тона вино.

Факт е дека никогаш досега, по ниеден повод, па дури ни за дочек на Нова Година, во Велес не се случил помасовен настан. Останува обврската да го зачуваме годинашниот квалитет и секоја година да го зголемуваме.

## 15-та Вардарска регата „Гемиџии“ 2013



Поминувајќи над сто километри на гемија и чамци, 85 - мината учесници на

## 10-ти Интернационален фолклорен фестивал „Велес 2013"



Во Велес летово се одржа 10-тиот јубилеен Интернационален фоклорен фестивал „Велес 2013”. Традиционално, на свеченото отворање му претходеше дефиле на учесниците низ улиците на Велес преплетувајќи ги боите на Турција, Литванија, Романија, Полска, Украина, Србија, Босна и Херцеговина и Македонија. 10-тото јубилејно издание на Интер-националниот фолклорен фестивал го отвори градоначалникот Славчо Чадиев кој воедно се забалагодари на сите учесници за можноста заедно пред светот да го изнесеме најголемиот доказ за својот идентитет – фолклорот и традицијата, кодот на постоењето на еден народ.

Вардарската регата „Гемиџии“ 2013, предводени од градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев на 30-ти јуни годинава пристигнаа во Гевгелија. На крајната дестинација гемиџиите на новото време ги дочекаа градоначалникот на Гевгелија Иван Франгов и претседателот на Советот од Гевгелија Драги Хаџи-Николов. Учесниците во регатата кои истовремено пристигнаа на целта изразија задоволство од можноста на овој начин да ја продолжат традицијата на Гемиџиите а истовремено и да уживаат во пловењето по Вардар. Годинешната Вардарска регата е јубилејна и се одржа по 15-ти пат од кога е започната во 1984 година. Истата беше во чест на 110 години од делото на Гемиџиите.

## 9-та Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори”



Во куќата на Касапови, свечено беше отворена 9-тата по ред Сликарско копаничарска колонија „Папрадишки мајстори”. Годинава втор пат Колонијата делуваше самостојно. Истата по пат на делегирана надлежност, ја организираше Здружението на граѓани „Папрадишки мајстори“. Организаторите на Колонијата оваа година имаа обезбедено учество на 15 сликари и 11 копаничари, но вратите на Колонијата за сите велешки уметници кои сакаа да дојдат и да се дружат со своите колеги беа отворени. Учесниците беа од Бугарија, Србија, Русија и Македонија.

## 5-ти јубилеен концерт на Велешките легенди



## „Мото бич парти“ по четврти пат во Велес



Од Езерото Младост по велешките улици и назад беше маршутата на 800 мотори кои беа дел од четвртата по ред „Мото бич парти", годинава со интернационален карактер. Покрај афирмацијата на моторот како безбедно превозно средство „Мото бич парти" има за цел и туристички да го промовира Велес и затоа оваа манифестација беше подржана и од Општина Велес. Мотото на годинешната манифестација беше „Носи кацига биди безбеден“. Организаторите на Градоначалникот Славчо Чадиев, кој и самиот беше дел од трката, му подарија кацига и пехар за поддршката која тој и Општина Велес ја даваат за одржувањето на мото-трката. Оваа година на забавата учествуваа легендарни имиња од македонската музичка сцена, како што се Драган Б. Костич, Леб и Сол и „Давид Нешкоски Трио“. Тие му дадоа посебен белег на настанот кој изминатите години важи за најпосетуван домашен мото собир. Четвртата мото бич забава и овој пат имаше хуманитарен карактер. Сите мотористи учесници на дефилето донираа средства, кои беа доделени во хуманитарни цели.



### Целовечерен концерт на музичката етно група „Синтезис“



### Ансамблот „Келтикум” со концерт пред Велешани



### Концерт на Кристина Арнаудова



### Концерт на тамбурашкиот оркестар Равница



### Смотра на староградски македонски песни



### Успешно се реализираше проектот Етно-работилници



### 11-тиот Меѓународен салон на стрип



### Баскерфест 2013 за прв пат во Велес



**Велигденско јајце 2013**



**Средствата од „Велигденско јајце“ донирани во народната кујна**



**Турнир во мал фудбал „Тунел 2013“**



**4-ти Меморијален турнир во фудбал Зоран Паунов**



**Велес домаќин на Етно вешта жена 2013**



**Меѓународен фудбалски турнир Велес 2013**



**Отворена забавна фудбалска школа Велес 2013**



**Меѓународен Куп натпревар во кајак на диви води Вардар Куп 2013**



**Трета меѓународна спортска вардарска регата**



**Меѓународен турнир во одбојка на песок „Велес Опен“ 2013**



**Турнир во тенис „Велес Опен 2013”**



**За чиста животна средина секаде со велосипед**



**Трофеј Димитрија Чуповски за најдобрите велосипедисти од Македонија**




**Велосипедистите пречекани од градоначалникот на Општина Велес**



**Ревијален турнир во пинг-понг**



**Ревијален натпревар во стрелаштво Финале меч 2013**



## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ

**69 години слободен Велес**




**69 години слободен Велес**



**Велес го славеше делото на заштитникот на градот Св. Пантелејмон**



**Одбележан Денот на македонската реовулционерна борба**



**Чествување на 110 годишнината од делото на Гемиџиите**



**Велес ги прослави двата Илиндена**



**11-ти Октомври Ден на народното востание на македонскиот народ**



**Одбележување на 8-ми Септември - Денот на независноста**



**Свечена академија по повод Денот на сесловенските просветители**



**200 години од раѓањето на Андреја Дамјанов**



**Коњаниците од Илинденскиот марш во Велес**




**Градоначалникот Чадиев присуствуваше на Бајрамската молитва**



**Министерот за странски инвестиции Бил Павлески во посета на Велес**



**Министерот за странски инвестиции Џери Наумов во посета на Велес**



**Министерот Миле Јанакиески во посета Велес**



**Министерот Никола Поповски во посета Велес**



## Ден на партнерства на Вардарски плански регион



## 10 години соработка со УНДП во борбата против корупција



## Посети на урбаните и месните заедници



Градоначалникот на Општина Велес, Славчо Чадиев, претседателот на Советот, Александар Колев, заедно со повеќемина раководители на институции и одговорни службеници од локалната самоуправа изминатиов период ги посетија речиси сите урбани и месни заедници при што оствarija средба со граѓаните од овие делови на општината.

Целта на овие средби беше жителите да ги изнесат приоритетите и проблемите со кои тие се соочуваат но, исто така и да се запознаат со проектите кои општината во иднина планира да ги реализира во урбаните и месни заедници, во рамките на програмите за работа на Општина Велес во 2014 година.

Ваквите средби се особено значајни за непосредната комуникација на жителите со локалната самоуправа. На овој начин се создаваат и повеќе можности за спроведување на оние проекти со кои директно се подобруваат условите за живеење на сите граѓани.

## Тркалезни маси со работници од областа на културата, спортот и бизнис секторот



Во Општина Велес се одржаа тркалезни маси со работници од областа на културата, спортот и бизнис секторот на кои што беа разгледувани Нацрт-програмите за работа во 2014 година. Ваквиот нов начин на презентација на програмите е значаен момент во насока на транспарентно и отчетно работење но и во насока на зајакнување на партнерството кое што локалната самоуправа го има со работниците од разни општествени дејности. Од страна на општинската администрација целосно беа презентирани Нацрт-програмите за работа за 2014 година по што се премина на дискусија во која присутните ги изнесоа своите размислувања и ставови во врска во однос на програмите и во однос на идните активности на локалната самоуправа.

## „Ден на дрвото" – ноември 2013



Акцијата „Ден на дрвото" успешно се реализираше на локација во м.в. Колиба (пристапен пат кон Езеро Младост) на површина од 5 хектари. Временските услови не беа пречка за велешани да излезат масовно и да посадат 200 илјади дрвца. Река од ученици, вработени во администра-цијата, јавните претпри-јатија, припадници на АРМ, вработени од ЈКП „Дервен" и граѓани на Велес активно се вклучија во акцијата „Ден на дрвото" за да придонесат во создавањето на здрава и чиста животна средина за сегашните и идните генерации. Заедно со граѓаните беа градоначалникот Славчо Чадиев и претседателот на Советот Александар Колев. Тие изразија големо задоволство од масовноста и желбата на велешани да се вклучат во акцијата.

## Се одржаа 36-тите средби на Бошњаците од Македонија




## Секој вторник бесплатен превоз за велешките пензионери

Од 31 декевмри пензионерите од Општина Велес бесплатно секој вторник ќе се возат во градот преку избраниот превозник „Пан-Промет. Градоначалникот на Општина Велес пред новогодишните и божиќните празници оваа одлука лично им ја соопшти на пензионерите во просториите на здружението. Возилата редовно секој вторник од 08.00 и 09.00 часот ќе поаѓаат од населбата Превалец и ќе се движат по автобуските постројки се до градскиот пазар. Враќањето е планирано во 10.00 и 11.00 часот од пред зградата на поранешна „Малина". Општина Велес е една од ретките во РМ што има Стратегија за стари лица. Во рамките на овој стратешки документ веќе се реализира проектот Грижа за стари лица во домашни услови.



## Општина Велес дел од акцијата „Македонија без отпад 2013"



**Крводарителска акција во чест на празникот 24-ти Мај**



**Крводарителска акција во чест на празникот „9-ти Ноември"**



**Одбележан Денот на пожарникарството**














089 011 011
www.blizoo.mk

# Општина по мерка на граѓаните




**Општина Велес 2013**